Дневни билтени

2015
- Февруари
- Март
- Април
- Мај
- Јуни
- Јули
- Август
- Септември
- Октомври
- Ноември
- Декември

2016
2017
2018
2019
2020
2021

# Извадок на дел од дневни настани 11.08.2021

На 10.08.2021 година во 14.10 часот на Граничен премин „Табановце" била приведена Р.К.(22) од Република Албанија, затоа што при проверка било утврдено дека на увид приложила патна исправа на име на П.С.(28) од Република Албанија. Р.К. била приведена и предадена на полициски службеници за понатамошна постапка.

На 10.08.2021 година во 17.00 часот на Граничен премин „Меѓународен аеродром Скопје" од слобода била лишена Н.С.(50) од Романија, затоа што спроведувала две женски лица кои се служеле со патни исправи на Република Србија, кои не биле нивни. Н.С. и двете женски лица биле приведени и предадени во Полициската станица Гази Баба за понатамошна постапка.

Секторот за внатрешни работи Струмица, вчера (10.08.2021) во периодот од 09.00 часот до 13.00 часот презеде засилени мерки во сообраќајот, при што биле констатирани 27 прекршоци, од кои 16 сторени од пешаци. За сите констатирани прекршоци биле изречени соодветни санкции.

На 11.08.2021 во 01.50 часот во Полициската станица Велес, Д.Д.(30) од Велес пријавил дека на ул.„Андон Шурков" во Велес бил каснат од куче скитник.

На 10.08.2021 во рамки зајакнатата акциска контрола на територијата на Република Северна Македонија за санкционирање на возила кои се движат со брзина поголема од дозволената, санкционирани се 319 возачи. Од нив, 21 возило се движело со брзина над 50 километри на час повеќе од дозволеното, а пет возила се движеле со дури над 70 километри на час повеќе од дозволената брзина. Притоа, 154 возачи ја пречекориле брзината во населено место, а 165 надвор од населено место.

На 10.08.2021 во 15.45 часот на бул.„Трета македонска бригада" во Скопје, полициски службеници од Единица за внатрешни работи Аеродром и Драчево го лишиле од слобода М.Ј.(35) од Скопје. Тој бил затекнат при извршување тешка кражба во обид во фирма и бил приведен во полициска станица. По целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена пријава по член 236 во врска со член 19 од Кривичниот законик.

На 10.08.2021 СВР Битола – ОВР Прилеп до ОЈО Прилеп поднесе кривична пријава против Е.М.(34) од Прилеп, поради постоење на основано сомневање за сторено кривично дело „предизвикување општа опасност" по член 288 од Кривичниот законик. Имено, на 06.08.2021 околу 06.15 часот во м.в. Дабница, прилепско, во близина на споменикот, тој бил лишен од слобода од страна на полициски службеници од ОВР Прилеп, поради постоење основи на сомнение дека предизвикал пожар на местото Дабница.

На 10.08.2021 во 23.20 часот во СВР Скопје било пријавено дека бил нарушен јавниот ред и мир во угостителски објект во скопско Дебар Маало, со физичка пресметка помеѓу М.С.(35) од с.Бардовци, скопско, Д.А.(36), Е.Д.(36), Б.Т.(36) и В.К.(36), сите од Скопје, од една страна и С.Б.(31), А.Р.(31), двајцата од Скопје и уште две лица, од друга страна. Според пријавеното, притоа биле користени тврди и стаклени предмети, а со повреди се здобиле С.Б., А.Р., М.С. и Д.А.. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 10.08.2021, при вршење контрола на лица кои се во домашна самоизолација во гостиварско, било утврдено дека З.Б.(33) од Чегране, Х.С.(32), В.Ш.(52) и А.Ш.(22), тројцата од гостиварско Корито, сите со решение за изолација и домашно лекување, не биле дома и ја напуштиле државата. По целосно документирање на случаите против нив ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 10.08.2021 во 09.05 часот во СВР Скопје било пријавено дека во Комплекс клиники „Мајка Тереза" во Скопје со повреди бил донесен Х.Б.(61) од Република Турција, со привремен престој во Република Северна Македонија. По преземени мерки било утврдено дека Х.Б. се здобил со повредите при изведување градежни работи во објект на подрачје на Центар.

На 10.08.2021 во 15.10 часот во СВР Скопје било пријавено дека во с.Побожје, скопско, настанал пожар во куќа сопственост на Д.Д.(34) од Скопје. Од пожарот била зафатена и куќа сопственост на Ц.Г.(74) од Скопје. Од екипа на Бригадата за противпожарна заштита Скопје пожарот бил изгаснат, а повредени лица нема. Извршен бил увид на местото на настанот.

На 11.08.2021 околу 03.00 часот во Полициската станица Карпош бил приведен Ј.П.(20) од Скопје, поради нарушување на јавниот ред и мир во угостителски објект во Градски парк. Имено, тој и уште неколку лица физички го нападнале Б.Д.(20) од Скопје. Извршен бил увид од екипа на СВР Скопје. По целосно расчистување на случајот, ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 10.08.2021 во 13.30 часот во СВР Скопје било пријавено дека на крстосница на бул.„Кочо Рацин" со ул.„11 Октомври" во Скопје настанал пожар во автобус на ЈСП во движење. Пожарот бил изгаснат, повредени лица нема, а увид извршила екипа на СВР Скопје.

На 10.08.2021 во 09.50 часот во Полициската станица Виница било пријавено дека В.П(43) од с.Лески, виничко, додека извршувал работни задачи во фирма во Виница се здобил со тешки телесни повреди, констатирани во болницата во Кочани. Увид на местото извршила увидна екипа на ОВР Виница.

На 10.08.2021 во 12.55 часот во СВР Скопје било пријавено дека настанал пожар во Комплекс клиники „Мајка Тереза", на Клиника за трансфузиологија, при што се запалила собата во која е сместен компјутерскиот систем на клиниката. Пожарот бил изгаснат од вработените и екипа на Бригадата за противпожарна заштита. Притоа, на вработената Ј.М.(40) од Скопје ѝ била укажана лекарска помош поради вдишување на чад. Извршен бил увид на местото на настанот.

На 10.08.2021 во 18.10 часот во СВР Скопје било пријавено дека во аптека на ул.„Џон Кенеди" во Скопје, едно лице со закана кон вработените се обидело да изврши разбојништво, но не успеал. Извршен е увид од екипа на СВР Скопје и се работи на расчистување на случајот.

На 10.08.2021 во 19.32 часот во СВР Скопје било пријавено дека во стан на ул.„Методија Шаторов Шарло" во Скопје со повреди од огнено оружје биле пронајдени Б.Д.(87) и В.Д.(59), татко и син, двајцата од Скопје. Полициски службеници излегле на местото и во станот пронашле пиштол и неколку чаури. Лекар од Итна медицинска помош кај В.Д. констатирал смрт, додека Б.Д. бил пренесен во Комплекс клиники „Мајка Тереза" за укажување лекарска помош. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 10.08.2021 во 22.30 часот во СВР Тетово било пријавено дека во Клиничката болница Тетово била однесена починатата З.Ф.(38) од Тетово. Извршен бил увид од страна на Јавен обвинител и екипа од СВР Тетово и по наредба на Јавен обвинител телото било предадено за обдукција.



Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет